

## (Фејсбук статус на Д-р Петар Поповски)

## “Се откажавме од Самоил, а тогаш Бугарија не постоела?? Има ли крај на понижувањата?”: Д-р Петар Поповски ја кажува вистината

Почитувани: Во времето на Самоил не постоела држава под името “Бугарија”. Таа тогаш мала државичка го носела името “Паристрија” и тоа име суштествувало се до 1878 година. Таа земја под името “Бугарија” започнала да се именува дури по “Берлинскиот конгрес” (1878 година). Тоа е историски факт. До тој период во ниту еден извор не се содржи тоа име, името “Бугарија”. Едноставно-го нема, не постоел. Се среќава само во фалсификувани пишани извори создадени по 1878 година, т.е. на крајот од XIX и од XX век.

Целата бугарска историја е градена врз фалсификати, со грабежи од богатата

македонска национална историја. Од нејзиниот таканаречен “Хански период”, во време на владеењето на татарските и монголските ханови, нема ниту еден забележлив настан со кој може да се пофали таа земја. Сите настани и личности се македонски, украдени (присвоени) од бугарската псевдо-наука и историографија.

Нивните “историчари”…!? Тоа совршено добро го знаат и продолжуваат упорно да ја крадат македонската изворна историја, култура, традиција и цивилизација. И едно појаснување: државата на цар Самоил го носела името “СКЛАВИНИЈА”, а не “Македонија”, иако владеел со централниот дел од таа земја, бидејќи во тоа време веќе постоела држава под името “Македонија”, т.е. “МАКЕДОНСКО (Средновековно) ЦАРСТВО” со престолнина Константинопол. Современик на цар Самоил бил македонскиот император Василиљ II Македонски, кој ги ослепел Самоиловите наемни војски составени од Татари. Бугарите, сакале или не, ќе дојде ден кога вистината за сите грабежи ќе излезе на виделина”, пишува Д-р Петар Поповски, познат Историчар, научник, истражувач и публицист.